Изработил: Јовановски Наум

| Недела 13 : Датум:<br>број на час: 26 | | | ПРВО ПОЛУГОДИЕ Тема 1: 8.1 Сили и движење<br>Единица: Истражување на отпорот на воздухот | | | Одделение VIII |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Време** | **Цели на учење** | **Критериуми за успех** | **Активности** | | **Ресурси** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Форми и техники** | | |
| 10 мин | Опишува ефекти од дејството на силите врз движењето, вклучувајќи триење и воздушен отпор. | Можам да го опишувам дејството на силите врз движењето,вклучувајќи триење и воздушниот отпор | Погледнете видео клип на кој е прикажано што се случува кога во вакуум ќе се испуштат кугла за куглање и пердув. *Зошто ова морало да биде во вакуум. Што ќе се случело доколку имаше и честици воздух помеѓу нив?*<br><br>Потсетете ги учениците за дијаграмите на сила од 6 одд. Помогнете им да нацртаат дијаграми на сила за предметите кои паѓаат во вакуум и во воздух | групна<br><br>Техника бура на идеи | https://youtube/E43-CfukEgs (2:50 - 3:50) | Работен лист Набљудување, прашања, одговор, дискусија |
| 20 мин | Го опишува ефектот од гравитацијата на предметите, вклучувајќи ја тежината. Идентификува важни променливи; бира кои променливи да ги менува, контролира и мери. | Можам да го опишувам ефектот на гравитацијата на предметите,вклучувајќи ја тежината | Пуштете да падне хартиена корпа за торта од висина од околу 2 m. Треба да паѓа бавно надолу низ воздухот. Учениците нека го опишат и објаснат нејзиното движење.*Како можете да предизвикате да паѓа побавно? Зошто поголема површина предизвикува побавно паѓање?*<br><br>Учениците мерат колку време е потребно корпите да паднат од висина од 2 m. Нека ја менуваат | Групна<br><br>Техника<br><br>**Пазуза за разјаснување** | Хартиени корпи за торта, метро за мерење или на расклопување, стоперка. | Работен лист Набљудување, прашања, одговор, дискусија |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | површинатана корпите со тоа што ќе ги отвораат или превиткуваат. Тие треба да определат кои се независната, зависната и контролната променлива | | | |
| 10 мин | Идентификува важни променливи; бира кои променливи да ги менува, контролира и мери. | Знам да бирам кои променливи ќе се менуваат а кои ќе се конролирани,а кои ќе се мерат | Учениците ги објаснуваат нивните резултати со користење на концептите на тежина и отпор на воздухот.<br>Заклучете дека предметите со поголема површина паѓаат побавно поради отпорот на воздухот | индивидуална | Хартиени корпи за торта, метро за мерење или на расклопување, стоперка | Работен лист Набљудување, прашања, одговор, дискусија |

| **Организација Детали за диференцијација/ групи/ улога на возрасен ( поврзано со активностите)** | **Забелешки / можности за проширување/ домашна работа** | **Клучна терминологија** |
|---|---|---|
| **Вовед:** Организација на цела паралелка.Се користи табела во која учениците ги внесуваат вредностите за масата на хартиените корпи(може како број на корпи) и времето за паѓање од висина 1 метро како контролна променлива. Наставникот наблудува и дава поддршка во текот на работата на учениците. | **Проширување на знаењата на учениците кои завршил**е:наставникот им дава работен лист со дополнителни задачи. Работниот лист со дополнителни задачи останува за домашна работа за учениците кои побавно ги извршуваат зададените барања од страна на наставникот. | гравитација<br>тежина<br>маса<br>забрзување<br>отпор на воздухот<br>површина<br>набљудува<br>објаснува<br>независна променлива<br>зависна променлива<br>контролна променлива |